**Стефан ЧИЧЕВАЛИЕВ**

# УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО НАМАЛУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ НЕЕДНАКВОСТИ И ГРАДЕЊЕ ОТПОРНИ ЗАЕДНИЦИ

## Вовед

Довербата на граѓаните, граѓанскиот ангажман, учеството во неформални активности на локалната заедница, социјализацијата со блиското опкружување, нудењето помош на сограѓаните, како и меѓусебната соработка и соживот, меѓу другото, зависат од една многу битна и чувствителна тема за секој човек, а тоа е - здравјето.

Здравјето го определуваат повеќе детерминанти, како на пример, социјални, економски, културни и детерминанти на животната средина, врз кои е потребно постојано делување со цел одржување или унапредување на здравјето. Ова е особено значајно на локално ниво, имајќи предвид дека непосредната околина и животни услови најмногу влијаат врз здравјето и благосостојбата.

Македонија е земја којашто во своите приоритети за стратешки развој посебен фокус става на здравјето на населението и унапредувањето на јавното здравје.[1] За таа цел усвоена е Стратегијата за здравје

*Авторот е истражувач во Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум“ и национален координатор за Швајцарскиот совет за бегалци*

на Република Македонија до 2020 година,[2] во којашто **здравјето е условено од меѓусекторската соработка на владата и граѓанското општество**, а нејзината визија за подобро здравје на населението до 2020 година треба да се остварува преку постојан и динамички процес, кој покрај остварувањето на целите на стратегијата, ќе придонесе и кон економскиот развој и социјалниот напредок на земјата. Оваа стратегија, која е базирана на докази, промовира **пристап на партиципативно управување** со цел зајакнување на капацитетот на чинителите и **граѓанскиот сектор за активно учество** во нејзиниот развој и спроведување. Стратегијата, исто така е усогласена со двете цели за развој на здравјето во Европа, дефинирани во рамковната политика на Светската здравствена организација за Европскиот регион „Здравје2020", односно кон подобрување на здравјето на сите и намалување на **здравствените нееднаквости**, како и **унапредување на водството и партиципативното управување за подобро здравје**.[3]

Стратегијата ја означува **соработката** како **клучен фактор за успех и подобро здравје**, затоа и идентификува **нови модалитети на партнерства за соработка** и настојува да воспостави иновативен пристап за социјална мобилизација за правичен, одржлив и одговорен развој на здравјето, а со тоа и на економскиот развој и благосостојба.

Од друга страна, имплементацијата на Националната стратегија за здравје подразбира и активно вклучување на локалната самоуправа, а преку нив и на локалните заедници и граѓаните. Согласно Законот за локална самоуправа[4], општините се единици на локалната самоуправа кои ги извршуваат своите надлежности преку органи избрани непосредно од граѓаните,[5] и кои имаат свои надлежности во однос на

1 Акциски план за јавно здравје на Република Македонија до 2020, достапна на: http://zdravje2020.mk/doc/akciski_plan_javno_zdravje2020_novo.pdf, пристапено на: 01.09.2017 година

2 Стратегија на Република Македонија за здравје до 2020 година, достапна на: http://zdravje2020.mk/doc/strategija_zdravje2020_novo.pdf, пристапено на: 31.08.2017 година

3 Светска здравствена организација, Здравје2020: Европска политика за здравје и благосостојба,(на англиски: World Health Organization, Health 2020: the European policy for health and well-being), достапна на: http://www.euro.who.int/en/health-topics/health-policy/health-2020-the-european-policy-for-health-and-well-being/publications/2013/health-2020.-a-european-policy-framework-and-strategy-for-the-21st-century-2013, пристапено на: 01.09.2017 година

4 Закон за локална самоуправа (Сл. Весник бр. 5/12), достапно на: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=219, пристапено на: 29.08.2017 година

5 Член 3 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник бр. 5/12), достапно на: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=219, пристапено на: 29.08.2017 година

јавното здравје, но и на социјалните и детерминантите на животната средина кои непосредно влијаат врз здравјето на населението.

Овој документ се осврнува на можностите за активно учество на локалната заедница, граѓаните и граѓанскиот сектор во реализација на заедничката визија на Стратегијата за здравје до 2020 година и нејзините составни акциски планови, низ призмата на детерминантите на здравјето.

## Детерминанти на здравјето и здравствени нееднаквости

Здравјето го детерминираат повеќе фактори, како на пример, генетски, социјални, економски, културни и фактори на животната средина. Освен генетските, за останатите постојат низа докази дека нивното влијание врз здравјето е директно поврзано со распределбата на ресурси и можности, што пак имплицира дека неправедната и нееднаква распределба доведува до појава на здравствени нееднаквости.

Социјалните детерминанти се дефинираат како „**услови во кои луѓето се родени, растат, живеат, работат и стареат**".[6] Овие околности се обликувани од дистрибуцијата на финансии, моќ и ресурси, а дополнителни фактори во социјалната средина кои придонесуваат за или наштетуваат на здравјето на поединците и заедниците се исхраната, домувањето, образованието, транспортот, пристапот до услуги, физичката средина и други.[7] Влијанието на овие фактори врз здравјето на граѓаните е значително, за што говорат и низа студии во и меѓу земјите.[8] На пример, разликата во очекуваниот животен век меѓу земјите во Европскиот регион на Светската здравствена организација[9] е

6 Светска здравствена организација, Социјални детерминанти на здравјето, (на англиски: World Health Organization, Social Determinants of Health), достапно на: http://www.who.int/social_determinants/en/, пристапено на: 03.09.2017 година

7 Центар за контрола и спречување на болести, Социјални детерминанти на здравјето: Знајте што влијае врз здравјето, (на англиски: Centre for Disease Control and Prevention, Social Determinants of Health: Know What Affects Health), достапно на: https://www.cdc.gov/socialdeterminants/, пристапено на: 03.09.2017 година

8 Светска здравствена организација, Што се социјални детерминанти на здравјето?, (на англиски: World Health Organization, What Are Social Determinants of Health) достапно на: http://www.who.int/social_determinants/sdh_definition/en/, пристапено на: 03.09.2017 година

9 Овој регион опфаќа 53 земји, вклучително и Руската федерација и земјите од поранешниот Советски сојуз, види и: http://www.euro.who.int/en/countries

околу 13 години.[10] Ако истиот индикатор се погледне низ дисагрегирани податоци, на пример според пол и социо-економската позиција, овие разлики се уште поголеми. Така, јазот меѓу земјите во очекуваниот животен век кај мажите е 17 години, а кај жените 12 години.[11] На национално ниво, во повеќето земји во регионот очекуваниот животен век кај мажите е покус за 4 до 7 години во споредба со жените, а во Македонија во 2012 година бил покус за 6,9 години.[12]

Социо-економскиот статус е исто така меѓу позначајните детерминанти на здравјето.[13] Тој може да се проценува и преку други индикатори како на пример приход и степен на образование. Постојат низа докази дека лошата социјална и економска состојба влијае врз здравјето во текот на целиот живот. Лицата кои припаѓаат во социјално-пониските квинтили најчесто се соочуваат со двапати поголем ризик за сериозни заболувања и прерана смрт во споредба со оние во повисоките квинтили.[14] Овие ефекти се согледани и кај различните нивоа на работни места - работниците од средната класа и персоналот на хиерархиски пониски работни места страдаат од многу повеќе болести и рана смртност во споредба со повисоко рангираниот персонал.[15]

Социјалните детерминанти имаат највидливо влијание во создавањето здравствени нееднаквости, кои претставуваат неправедни

10 Светска здравствена организација, Социјални детерминанти на здравјето: цврсти факти – втора верзија, (на англиски: World Health Organization, Social Determinants of Health: The Solid Facts - second edition), достапно на: https://goo.gl/PfiEKT, пристапено на: 04.09.2017 година

11 Светска здравствена организација, Социјални детерминанти на здравјето: цврсти факти – втора верзија, (на англиски: World Health Organization, Social Determinants of Health: The Solid Facts - second edition), достапно на: https://goo.gl/PfiEKT, пристапено на: 04.09.2017 година

12 Државен завод за статистика, (2014), Македонија во бројки, достапно на: http://www.stat.gov.mk/ Publikacii/MakBrojki2014_mk.pdf, пристапено на: 03.10.2017

13 Светска здравствена организација, Социјални детерминанти на здравјето – клучни концепти, (на англиски: World Health Organization, Social Determinants of Health – Key Concepts), достапно на: http://www.who.int/social_determinants/thecommission/finalreport/key_concepts/en/, пристапено на: 03.09.2017 година

14 Светска здравствена организација, Социјални детерминанти на здравјето: цврсти факти – втора верзија, (на англиски: World Health Organization, Social Determinants of Health: The Solid Facts - second edition), достапно на: https://goo.gl/PfiEKT, пристапено на: 04.09.2017 година

15 Светска здравствена организација, Социјални детерминанти на здравјето: цврсти факти – втора верзија, (на англиски: World Health Organization, Social Determinants of Health: The Solid Facts - second edition), достапно на: https://goo.gl/PfiEKT, пристапено на: 04.09.2017 година

разлики во здравствениот статус кои можат да се избегнат. Оттука, силната и одржлива акција во однос на социјалните детерминанти станува сѐ порелевантна за здравјето од кога било досега. Дополнителен аргумент е економската криза која низ годините наметна штедење во здравствениот но и во другите сектори, отворајќи простор за натамошно зголемување на здравствените нееднаквости. Според Светската здравствена организација, еден од најголемите предизвици во оваа област е справувањето токму со здравствените нееднаквости, дел од кои може да се надминат преку разумни мерки.[16]

## Делување на граѓанскиот сектор врз здравствените нееднаквости преку детерминантите на здравје

Една од основните определби на граѓанските организации е делување врз социо-економските детерминанти и човековите права, меѓу другото и за намалување на здравствените нееднаквости. Оваа мисија тие ја остваруваат со делување на општи или специфични прашања, преку различни активности, како на пример унапредување на квалитетот на живот и на социо-економскиот статус, заштита на животната средина, поттикнување подобро образование, како и обезбедување услуги или овозможување пристап до услуги за сите, а особено за маргинализираните и социјално исклучените групи население.

Иако ниту една граѓанска организација не го опишува своето делување во доменот на здравствените нееднаквости, постојат бројни примери преку кои може да се види ваквиот – би се рекло клучен – пристап во нивното намалување. Пример за тоа е „Националната алијанса за ретки болести во Македонија“, која работи на полето на ретките болести, кои по својата природа - на реткост и непостоење соодветен третман, а таму кадешто постои третман може да е многу скап - наметнуваат социјална и здравствена нееднаквост. Алијансата, преку своите организации-членки а во постојан дијалог со здравствените власти успеа да издејствува формирање на регистар за ретки болести во земјата, спроведе анализа на постоечките инструменти, политики и практики во земјата и нивното влијание врз квалитетот на живот на оваа група на лица во споредба со земјите од регионот (Бугарија, Србија, Хрватска и Словенија). Со

16 Светска здравствена организација, Преглед на социјалните детерминанти на здравјето и здравствениот јаз во Светската здравствена организација за Европскиот регион, достапно на: http://studiorum.org.mk/h2020_workshop/Rabotni_Dokumenti/general/mkd/08_MKD_SDHWeb.pdf, пристапено на: 31.08.2017 година

формирањето на регистар се зголеми видливоста на овој проблем, што пак беше клучно за донесување посебна програма за финансирање на лекувањето на определен број лица со ретки болести. На тој начин, граѓанскиот сектор придонесе во правењето исчекор кон намалување на нееднаквиот пристап до здравствена заштита за лицата со ретки болести, кои според некои проценки се околу 6-8%[17],[18] од вкупното население.

На сличен начин, кон намалување на здравствените нееднаквости делуваат и организациите од Платформата за одржливост на програмите за ХИВ-превенција и поддршка, досега финансирани од Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија,[19] кои преку своите поединечни и заеднички активности обезбедуваат правичен пристап до здравствени и социјални услуги за лицата со ХИВ, интегрирани во националната Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА.[20]

На здравјето влијаат и економските услови во општеството, на ниво на заедница како и на индивидуално ниво. Постојат литературни податоци дека нивото на приход е директно поврзан со здравјето, што може да се согледа и од примерот дека политиките кои доведуваат до поправична распределба на приходот имаат позитивно влијание врз здравјето, и особено ако истите предвидуваат мултисекторски пристап на обезбедување бенефиции и субвенции во другите сектори како што се образование, домување или вработување за групите население со пониски приходи.[21]

Бројките во Македонија, исто така, укажуваат на поврзаноста на приходот и вработеноста со здравјето. Сиромашните возрасни лица, од кои над 30% живеат во сиромаштија и над 43% подлежат на ризик

17 Чичевалиев С. и Алексовска В., Политики, практики и нивното влијание врз квалитетот на живот на лицата со ретки болести: Споредбена анализа и состојба во Република Македонија, достапно на: https://goo.gl/MaeU71, пристапено на: 04.10.2017 година

18 Европска комисија, јавно здравје: Идентификување на ретките болести, (на англиски: European Commission, Public Health: Identifying rare diseases), достапно на: https://ec.europa.eu/health/rare_diseases/policy, пристапено на: 06.09.2017 година

19 Глобален фонд во борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија, официјална веб страница, достапно на: http://www.theglobalfund.org/en/, пристапено на: 31.08.2017 година

20 Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА во РМ за 2016 година, достапно на: https://goo.gl/NYeq3g, пристапено на: 31.08.2017 година

21 Кинг Џ., (2003), Економски детерминанти на здравјето- финален извештај, (на англиски: King J., (2003) Economic Determinants of Health - Final Report), достапно на: https://goo.gl/hBsTif, пристапено на: 05.09.2017 година

од сиромаштија и/или социјална исклученост,[22] имаат речиси пет пати поголеми шанси да имаат полошо здравје.[23],[24] Врската меѓу економските и социјалните детерминанти со здравјето е право-пропорционална, што значи дека здравјето ќе се унапредува со социо-економската позиција на граѓаните и локалните заедници во кои тие живеат.[25]

Работата на граѓанските организации во сферата на економските нееднаквости исто така, има свој придонес во намалувањето на здравствените нееднаквости. Преку широк дијапазон на економски мерки за подобрување на благосостојбата, граѓанскиот сектор всушност обезбедува додадена вредност на своите активности. На пример, граѓанските организации кои работат на полето на вработување и особено на промовирање и унапредување на социјалното претприемништво, придонесуваат за подобрување на приходите, а со тоа посредно и на креирање услови за подобра грижа за сопственото здравје кај ова население. Една од тие организации е „Паблик“, чија мисија е социјално вклучување на ранливите групи на пазарот на трудот и нивно интегрирање во економскиот живот на општеството. Нивната работа најдобро се отсликува преку уличното списание „Лице в Лице“, чија цел е вработување на социјално исклучени лица и подигнување на општествената свест за постоење на социјално маргинализирани групи и за потребата од заедничка акција за намалување на економските, а со тоа посредно и на здравствените нееднаквости.

---

22 Државен завод за статистика, достапно на: http://stat.gov.mk/, пристапено на: 02.09.2017 година

23 Светска здравствена организација, Здравје2020: Европска политика за здравје и благосостојба,(на англиски: World Health Organization, Health 2020: the European policy for health and well-being), достапна на: http://www.euro.who.int/en/health-topics/health-policy/health-2020-the-european-policy-for-health-and-well-being/publications/2013/health-2020.-a-european-policy-framework-and-strategy-for-the-21st-century-2013, пристапено на: 01.09.2017 година

24 Институт за медицина (САД) - Комитет за здравствена заштита за бездомни лица, (1988), Вашингтон (Д.Ц.): Национални академии за печатот, (на англиски: Institute of Medicine (US) Committee on Health Care for Homeless People, Washington (DC): National Academies Press), достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/books/NBK218236/, пристапено на: 05.09.2017 година

25 Светска здравствена организација, Здравје2020: Европска политика за здравје и благосостојба,(на англиски: World Health Organization, Health 2020: the European policy for health and well-being), достапна на: http://www.euro.who.int/en/health-topics/health-policy/health-2020-the-european-policy-for-health-and-well-being/publications/2013/health-2020.-a-european-policy-framework-and-strategy-for-the-21st-century-2013, пристапено на: 01.09.2017 година

Поврзаноста на здравјето и економскиот развој уште подобро може да се увиди на примерот на лицата зависници од алкохол, дрога или друг хазард, кои заради својата зависност не можат самостојно да обезбедуваат приход, и истовремено претставуваат социјален, економски и здравствен товар за заедницата и општеството. Оваа поврзаност е искористена како идеја-водилка на терапевтската заедница „Покров", формирана од здружението „Избор“ од Струмица во соработка со Струмичката епархија на Македонската православна црква. Тераписката заедница „Покров“ е базирана на современи методи за одвикнување од зависност од алкохол, дрога и хазард, и подготовка на учесниците во програмата за активно вклучување на пазарот на трудот, преку работа и стекнување нови вештини. На тој начин, граѓанскиот сектор прави свој придонес во справувањето со економскот удел во здравствените нееднаквости. Во таа насока се и примерите на организацијата „МИР“, која работи на зајакнување на образованието на Ромите, унапредување на социјално-здравствената заштита на Ромите и нивна интеграција на пазарот на труд,[26] и на здружението Ромска организација за мултикултурна афирмација „Рома С.О.С.„ работи на намалување на стигмата поврзана со договорените и раните бракови на Ромите, при што директно се нарушува процесот на образование на малолетниците, се ограничуваат можностите за нивна општествена интеграција, и сето тоа претставува потенцијална опасност за намалување или нарушување на нивното здравје, што дополнително придонесува кон здравствените нееднаквости, а во овој случај и родова нееднаквост.[27]

## Делување на еколошките детерминанти на здравјето

И животната средина посредно или непосредно влијае на здравјето, за што постојат бројни литературни извори и податоци.[28] Иако уделот

26 Здружение на граѓани „МИР“, (2013), Промоција на мултикултурализмот во образованието, достапно на: https://goo.gl/e4TVvb, пристапено на: 31.08.2017 година

27 Здружение на граѓани „Рома С.О.С.“, (2016), „Сивата Зона“ помеѓу традицијата и правата на децата!, достапно на: http://romasosprilep.org/sivata-zona-detski-brakovi/, пристапено на: 31.08.2016 година

28 Светска здравствена Организација, (2006), Превенирање на болести преку здрава животна средина: Кон проценка на товарот на болеста во животната средина, (на англиски: World Health Organization Preventing disease through healthy environments: Towards an estimate of the environmental burden of disease), достапно на: http://www.who.int/quantifying_ehimpacts/publications/preventing-disease/en/, пристапено на: 31.08.2017 година

на факторите на животната средина врз појавата на болест или смрт не може точно да се утврди, според проценките на Светската здравствена организација околу триста милиони смртни случаи годишно се должат на фактори и ризици од животната средина, а кои всушност може да се спречат. Истиот извештај проценува дека 24% од глобалниот товар на болести (изгубени години здрав живот) и 23% од сите смртни случаи (предвремена смртност) може да се припишат на факторите од животната средина, при што товарот на болести во животната средина е 15 пати повисок во земјите во развој, кадешто припаѓа и Македонија, отколку во развиените земји – најмногу поради разликите во изложеноста на еколошки ризици и пристапот до здравствена заштита.[29]

Заштитата на животната средина е една од областите на традиционално делување на граѓанските организации, а во последните години нивната активност е засилена во сферата на заштита и унапредување на здравјето. Здравствените нееднаквости во овој домен главно се согледуваат преку квалитетот на животната средина, пред се непосредната околина во која населението живее. Еден од бројните добри примери за заштита на здравјето преку делување врз ризиците од животната средина е работата на организацијата „Еко Герила", која преку својот активизам и активности на застапување во Тетово постигна голем успех за краток период; имено, со анализи и податоци „Еко Герила" издејствува кај локалната и централната власт донесување на одлука за затворање на фабриката за челик и челични производи „Југохром фероалојс", која важеше за главен загадувач и идна закана за животната средина. Делувањето на граѓанскиот сектор и подготвеноста за соработка на надлежните институции непосредно обезбедија намалување на загадувањето во градот. Од затворањето на фабриката, просечната вредност на ПМ-10 честички во воздухот секоја година се намалува, а во последните пет години е намалена за повеќе од една третина, односно од 152 во 2012 година на 97 во 2016 година.[30] Слични примери се евидентирани и во други градови; во Кичево, граѓанскиот активизам е причина за намалување на просечната вредност на ПМ-10 честичките од 80 во 2012 на 60 во 2016, како и во населбата Лисиче во градот

29 Ремонду К. и Кундури Ф., (2009), Еколошките ефекти врз јавното здравје: Економска перспектива, (на англиски: Remoundou K. and Koundouri P., (2013), Environmental Effects on Public Health: An Economic Perspective), достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2738880/, пристапено на: 31.08.2017 година

30 Здружение на граѓани „Еко Герила", достапно на: https://goo.gl/AKTFKQ, пристапено на: 31.08.2016 година

Скопје, каде во истите години постигнато е намалување од 114 на 80.

Граѓаните, особено во Тетово, ги почувствуваа ефектите од намалувањето на просечната вредност на ПМ-10 честички во воздухот. Тие дишат 40-50% почист воздух, а преку тоа се намалува ризикот за бројни здравствени проблеми вклучувајќи: појава или влошување на постоечка кардиоваскуларна и респираторна болест; додаден стрес кон срцето и белите дробови, кои мора напорно да работат за да го снабдат телото со доволно кислород за потребите; забрзано стареење; губење на капацитетот и намалена функција на белите дробови и развој на болести како што се астма, бронхитис и емфизема; како и бројни малигни заболувања.[31],[32]

## Креирање отпорни заедници и поддржувачки средини преку граѓански ангажман

Здравјето во голема мера зависи и од тоа како граѓаните самостојно, но и како дел од заедницата се справуваат со економските, социјалните и еколошките предизвици. Во оваа смисла, креирањето поддржувачка средина за остварување на човековите права и обезбедување можности за здрав живот претставува основна премиса на која се темели делувањето за здравје на локално ниво. Затоа, од клучно значење е да се согледа што е она што луѓето го ценат во местото каде што живеат, и на кој начин го карактеризираат квалитетот на живот. Тоа го означува идентитетот на локалната заедница, како и на граѓаните од тоа место. Од друга страна, она што локалната заедница го вреднува е отворена тема за толкување и предмет за усогласување. Ова укажува на тоа дека граѓаните - и начините на кои тие доаѓаат до своевиден консензус – неопходно се наоѓаат во центарот на градењето на отпорна заедница.[33] Терминот „отпорна заедница" претставува процес на создавање заедница која и покрај одредени промени ќе успее да ги одржи своите функции на соодветно ниво, и како таков подразбира воспоставување

31 Здружение на граѓани „Еко Герила", достапно на: https://goo.gl/AKTFKQ, пристапено на: 31.08.2016 година

32 Чувај го воздухот: Здравствените ефекти од загадувањето на воздухот, (на англиски: Spare the Air: Health Effects of the Air Pollution), достапно на: http://www.sparetheair.com/health.cfm?page=healthoverall, пристапено на: 06.09.2017 година

33 Фондација Џозеф Роунтри, (2014), Практични активности за градење на отпорни заедници, (на англиски: Joseph Rowntree Foundation, (2014), Practical action to build community resilience), достапно на: https://www.jrf.org.uk/report/practical-action-build-community-resilience, пристапено на: 01.09.2017 година

механизми и структури со кои промените на политиките, на пример, на национално или глобално ниво – како што беше глобалната економска криза – полесно ќе се амортизираат со цел минимизирање на штетите по благосостојбата а со тоа и здравјето на населението.

Граѓанското општество, како и деловниот и јавниот сектор, игра многу клучна улога во обликување на секојдневниот живот. Граѓанските организации, особено организациите кои работат на терен, со или без поддршка на заедницата со одредени услуги, се дел од процесот на градење отпорни заедници. Нивната улога е поддржувачка за локалните политики, но и медијаторска во однос на интересите на граѓаните по одредени прашања на кои влијае националната политика, но кои се во ингеренција на локалната самоуправа. Такви се на пример, легализацијата на земјиште и бесправно изградени домови, услугите од социјална заштита, образованието и друго.[34] Граѓаните имаат потреба од вклучување во општествениот живот, а секако и интерес да делуваат во различни форми кон остварување на своите интереси. Според анкетата за население, спроведена од Македонскиот центар за меѓународна соработка кон крајот на 2016 година, речиси половина од анкетираното население во една и друга форма се ангажирало за остварување на своите интереси; 46,8% од населението е активно во заедницата преку формални структури или неформални општествени активности, што говори за потенцијалот за делување во сопствен интерес на локално ниво, а со тоа и за креирање отпорни заедници, во кои луѓето ќе имаат здрав живот и економски просперитет.

## Заклучок

Градењето отпорни заедници бара посветеност од сите сектори на делување, како и меѓусекторска соработка. Вклучувањето на граѓаните во носењето одлуки на локално ниво, особено за локалните заедници во кои тие живеат и делуваат, е потребно да биде приоритет на единиците на локалната самоуправа. Тоа ќе биде дополнителен мотив за граѓанските организации и за неформалните групи на граѓани, да го зголемат својот граѓански ангажман во унапредување на животната средина и подобрување на квалитетот на живот во

34 Институт Пост Карбон, (2015), Шест основи за градење на отпорни заедници, (на англиски: Post Carbon Institute, (2015), Six Foundations of Building Community Resilience) достапно на: http://www.postcarbon.org/wp-content/uploads/2015/11/Six-Foundations-for-Building-Community-Resilience.pdf, пристапено на: 31.08.2017 година

локалните заедници. Партнерството меѓу локалната самоуправа и граѓанскиот сектор може и треба да претставува дел од решението, особено преку активно вклучување во постојната инфраструктура, како и подготовката и имплементацијата на локалните планови во сите сектори. Дополнително, граѓанското општество е потребно да се смета како еднаков актер во обезбедувањето услуги, имајќи ја предвид нивната докажаност во обезбедувањето услуги, особено за тешко пристапно население поради стигма, дискриминација и други причини[35].

Организираното делување на граѓаните преку граѓанскиот сектор е од суштинско значење за постигнување на одредени цели и остварување на интересите на граѓаните. Ова е од особена важност кога се работи за социјалните детерминанти на здравјето, меѓу кои најважни се социо-економските и детерминантите на животната средина. Со воспоставување на верската меѓу различните детерминанти на живеењето и здравјето, улогата на граѓанското општество во борбата за остварување на човековите права, подобрување на социјалниот статус и благосостојба добива нова димензија, што на неговото досегашно делување додава нова вредност, која е поврзана со подобрување на здравјето и намалување на здравствените нееднаквости. На локално ниво, оваа нова димензија се гледа во учеството на граѓанскиот сектор во креирањето поддржувачки средини, а преку комплементарната работа со локалната самоуправа и кон креирање и одржување на отпорни заедници. Новата улога на граѓанското општество како овозможувач, при градење на отпорни заедници, гледана низ призмата на националните здравствени политики, и особено Стратегијата за здравје на Република Македонија до 2020 година претставува услов за нејзина имплементација на локално ниво, што за локалната заедница значи постојано обновливо партнерство за здравје и благосостојба на локалното население. Оттука, креаторите и носителите на политики треба да покажат подготвеност и слух за овие напори, и да направат континуирани и одржливи напори за креирање овозможувачка околина за развој на граѓанското општество и поттикнување на граѓанскиот ангажман со цел зајакнување на оваа нова улога на делување врз детерминантите на здравјето и креирањето отпорни и здрави заедници.

35 Светска здравствена организација, Здравје2020: Европска политика за здравје и благосостојба,(на англиски: World Health Organization, Health 2020: the European policy for health and well-being), достапна на: http://www.euro.who.int/en/health-topics/health-policy/health-2020-the-european-policy-for-health-and-well-being/publications/2013/health-2020.-a-european-policy-framework-and-strategy-for-the-21st-century-2013, пристапено на: 01.09.2017 година

## Апстракт

Од почетокот на цивилизацијата, луѓето се здружувале за постигнување на благосостојба и справување со елементарни непогоди, стресови и други предизвици. Отпорноста е, на некој начин, оригиналната аспирација на човечките заедници. Креирањето на отпорни заедници и поддржувачки средини е обврска и одговорност на сите засегнати страни, преку вклучување на сите граѓани. Градењето на ваквите заедници бара посветеност од сите сектори на делување, како и меѓусекторска соработка.

Овој краток осврт ги разгледува можностите за креирање отпорни заедници согледувајќи ја улогата и учеството на граѓанското општество во подобрување на социјалните детерминанти на здравјето и намалување на здравствените нееднаквости. На почетокот, потенцирано е здравјето како еден од поважните исходи од креирањето отпорни заедници. Потоа е даден осврт на три групи значајни здравствени детерминанти - социјални, економски и детерминанти на животната средина - како фактори којшто директно влијаат врз здравјето на граѓаните. Дополнително, опишани се и практични примери на граѓански активизам, спроведен преку граѓански организации или неформални групи, коишто му помогнале на населението и придонеле во креирањето на отпорни заедници. Новата улога на граѓанското општество како овозможувач, при градење на отпорни заедници, гледана низ призмата на националните здравствени политики, и особено Стратегијата за здравје на Република Македонија до 2020 година претставува услов за нејзина имплементација на локално ниво, што за локалната заедница значи постојано обновливо партнерство за здравје и благосостојба на локалното население.

## Библиографија

1. Глобален фонд, Глобалниот фонд во борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија, (на англиски: The Global Fund to Fight AIDS, Tuberculosis and Malaria), достапно на: http://www.theglobalfund.org/en/, пристапено на: 31.08.2017 година
2. Државен завод за статистика, достапно на: http://stat.gov.mk/, пристапено на: 02.09.2017 година
3. Државен завод за статистика, (2014), Македонија во бројки, достапно на: http://www.stat.gov.mk/ Publikacii/MakBrojki2014_mk.pdf, пристапено на: 03.10.2017 година
4. Закон за локална самоуправа (Сл. Весник бр. 5/12), достапно на: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=219, пристапено на: 29.08.2017 година
5. Здружение на граѓани „Еко Герила“, достапно на: https://goo.gl/AKTFKQ, пристапено на: 31.08.2016 година
6. Здружение на граѓани „МИР“, (2013), Промоција на мултикултурализмот во образованието, достапно на: https://goo.gl/e4TVvb, пристапено на: 31.08.2017 година
7. Здружение на граѓани „Рома С.О.С.“, (2016), „Сивата Зона“ помеѓу традицијата и правата на децата!, достапно на: http://romasosprilep.org/sivata-zona-detski-brakovi/, пристапено на: 31.08.2016 година
8. Институт за медицина (САД) - Комитет за здравствена заштита за бездомни лица, (1988), Вашингтон (Д.Ц.): Национални академии за печатот, (на англиски: Institute of Medicine (US) Committee on Health Care for Homeless People, Washington (DC): National Academies Press), достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/books/NBK218236/, пристапено на: 05.09.2017 година
9. Институт Пост Карбон, (2015), Шест основи за градење на отпорни заедници, (на англиски: Post Carbon Institute, (2015), Six Foundations of Building Community Resilience) достапно на: http://www.postcarbon.org/wp-content/uploads/2015/11/Six-Foundations-for-Building-Community-Resilience.pdf, пристапено на: 31.08.2017 година
10. Кинг Џ., (2003), Економски детерминанти на здравјето- финален извештај, (на англиски: King J., (2003) Economic Determinants of Health - Final Report), достапно на: https://goo.gl/hBsTif, пристапено на: 05.09.2017 година
11. Министерство за здравство, Акциски план за јавно здравје на

Република Македонија – 2020, достапно на: http://zdravje2020.mk/doc/akciski_plan_za_javno_zdravje_novo.pdf, пристапено на: 31.08.2017 година
12. Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА во РМ за 2016 година, достапно на: http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/PROGAMA_ZA_ZDRAVSTVENA__ZASTITA_NA_NASELENIETO_OD__HIV__SIDA_VO_REPUBLIKA_MAKEDONIJA_ZA_2016_GODINA.pdf, пристапено на: 31.08.2017 година
13. Ремонду К. и Кундури Ф., (2009), Еколошките ефекти врз јавното здравје: Економска перспектива, (на англиски: Remoundou K. and Koundouri P., (2013), Environmental Effects on Public Health: An Economic Perspective), достапно на: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2738880/, пристапено на: 31.08.2017 година
14. Светска здравствена организација, Здравје2020: Европска политика за здравје и благосостојба,(на англиски: World Health Organization, Health 2020: the European policy for health and well-being), достапна на: http://www.euro.who.int/en/health-topics/health-policy/health-2020-the-european-policy-for-health-and-well-being/publications/2013/health-2020.-a-european-policy-framework-and-strategy-for-the-21st-century-2013, пристапено на: 01.09.2017 година
15. Светска здравствена Организација, (2006), Превенирање на болести преку здрава животна средина: Кон проценка на товарот на болеста во животната средина, (на англиски: World Health Organization Preventing disease through healthy environments: Towards an estimate of the environmental burden of disease), достапно на: http://www.who.int/quantifying_ehimpacts/publications/preventing-disease/en/, пристапено на: 31.08.2017 година
16. Светска здравствена организација, Преглед на социјалните детерминанти на здрајвето и здравствениот јаз во Светската здравствена организација за Европскиот регион, достапно на: http://studiorum.org.mk/h2020_workshop/Rabotni_Dokumenti/general/mkd/08_MKD_SDHWeb.pdf, пристапено на: 31.08.2017 година
17. Светска здравствена организација, (2014), Преглед на социјалните детерминанти и јазот во здравството во Европскиот регион на Светска здравствена организација: финален извештај, (на англиски: World Health Organization, (2014), Review of Social

Determinants and the Health Divide In the WHO European Region: Final Report), достапно на: http://www.euro.who.int/__data/assets/pdf_file/0004/251878/Review-of-social-determinants-and-the-health-divide-in-the-WHO-European-Region-FINAL-REPORT.pdf, пристапено на: 03.09.2017 година
18. Светска здравствена организација, Социјални детерминанти на здравјето, (на англиски: World Health Organization, Social Determinants of Health), достапно на: http://www.who.int/social_determinants/en/, пристапено на: 03.09.2017 година
19. Светска здравствена организација, Социјални детерминанти на здравјето – клучни концепти, (на англиски: World Health Organization, Social Determinants of Health – Key Concepts), достапно на: http://www.who.int/social_determinants/thecommission/finalreport/key_concepts/en/, пристапено на: 03.09.2017 година
20. Светска здравствена организација, Социјални детерминанти на здравјето: цврсти факти – втора верзија, (на англиски: World Health Organization, Social Determinants of Health: The Solid Facts - second edition), достапно на: https://goo.gl/PfiEKT, пристапено на: 04.09.2017 година
21. Светска здравствена организација, Што се социјални детерминанти на здравјето?, (на англиски: World Health Organization, What Are Social Determinants of Health) достапно на: http://www.who.int/social_determinants/sdh_definition/en/, пристапено на: 03.09.2017 година
22. Стратегија на Република Македонија за здравје до 2020 година, достапна на: http://zdravje2020.mk/doc/strategija_zdravje2020_novo.pdf, пристапено на: 31.08.2017 година
23. Фондација Џозеф Роунтри, (2014), Практични активности за градење на отпорни заедници, (на англиски: Joseph Rowntree Foundation, (2014), Practical action to build community resilience), достапно на: https://www.jrf.org.uk/report/practical-action-build-community-resilience, пристапено на: 01.09.2017 година
24. Центар за контрола и спречување на болести, Социјални детерминанти на здравјето: Знајте што влијае врз здравјето, (на англиски: Centre for Disease Control and Prevention, Social Determinants of Health: Know What Affects Health), достапно на: https://www.cdc.gov/socialdeterminants/, пристапено на: 03.09.2017 година
25. Чичевалиев С. и Алексовска В., Политики, практики и нивното

влијание врз квалитетот на живот на лицата со ретки болести: Споредбена анализа и состојба во Република Македонија, достапно на: https://goo.gl/MaeU71, пристапено на: 04.10.2017 година

26. Член 3 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник бр. 5/12), достапно на: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=219, пристапено на: 29.08.2017 година
27. Чувај го воздухот: Здравствените ефекти од загадувањето на воздухот, (на англиски: Save the Air: Health Effects of the Air Pollution), достапно на: http://www.sparetheair.com/health.cfm?page=healthoverall, пристапено на: 04.10.2017 година